# ЗАНАЕТЧИЈА




Весникот го издава Занаетчиска комора на Р. Македонија и Занаетчиска комора Кобленц

занаетот наша иднина

Број 16 | Декември 2009 | www.zkomora.mk

ЗКРМ







## ЗКРМ со седиште во Центарот на Градот Скопје

Од Јуни со финансиска подршка на германскиот партнер Занаетчиска комора Кобленц, Занаетчиската комора на Р.М. има ново седиште на ул. Маршал Тито 47/1-2 (поранешно "Громби") во центарот на градот...

повеќе на страна 2

## Претседателот Ѓорѓе Иванов во посета на занаетчиски базар во Дојран

**Дојран, 29 ноември -** Повеќе од 20 индивидуални занаетчии од Скопје, Гевгелија, Богданци, Неготино, Струмица, Дојран, Берово и од Бугарија учествуваа на Занаетчискиот базар што го организираше Општина Дојран заедно со Занаетчиската Комора Кобленц и ЗКРМ...

повеќе на страна 3

## Жената претприемач

Во соработка со занаетчиската комора Кобленц и Балканската канцеларија за развој на малото стопанство и занаетчиство, жените претприемачки од област на занаетчиството основаа Балкански сојуз на жените во занаетчиството...

повеќе на страна 5



Почитувани занаетчии,

Занаетчиството е важен движечки фактор за развој на економскиот, политичкиот и социјалниот живот во една земја.
Традицијата на занаетчиството во Македонија се равивала на богато и плодно тло на нашата историја.
Здружувањето во сектори и комори поради заштита и јакнење на занаетчиските интереси има свои корени уште од дамнешно минато.
ЗКРМ е формирана 2004 година и во неа членуваат 14 регионални занаетчиски комори со цел за унапредување на занаетчиството, подобрување на квалитетот на занаетчиските производи и услуги, како и заради усогласување и застапување на заедничките интереси.
За да си го добие занаетчиството заслуженото место во општеството наша цел е водење и на Политички дијалог со кој ќе се овозможи поставување на рамковни услови за развој и унапредување на малото стопанство и занаетчиството. Ние ги застапуваме за таа цел нивните интереси пред Владата и Парламентот на РМ.
Со оглед на тоа дека една од нашите цели е и промоција и заштита на интересите на занаетчиството, големо внимание посветивме и на односите со јавноста. Затоа што само со квалитетна комуникација со значајна интерна и екстерна јавност можеме да постигнеме взаемно почитување.
Наша намера е преку овој занаетчиски весник нашите членови да добијат корисни информации и совети во врска со нивното работење.
Воедно би сакал да Ви се заблагодарам на досегашната соработка во изминатата 2009-та година на сите оние кои дадоа свој допринос за развој на Занаетчиската комора на Република Македонија како и на занаетчиството воопшто како и да Ви посакам на сите добро здравје, успешна работа и продолжување на нашата соработка во 2010 година.

Претседател на ЗКРМ
Глигор Цветков

## ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Занаетчиската комора на Република Македонија се формира согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност со цел: Унапредување на занаетчиството; Подобрување на квалитетот на занаетчиските производи и услуги, како и Заради усогласување и застапување на заедничките интереси.
Во **Занаетчиската комора на Р. Македонија** која е формирана во **2004 год**. членуваат **14 Регионални занаетчиски комори** во кои членови можат да бидат занаетчии, како и вршители на занаетчиска дејност и други правни лица, кои со својте активности придонесуваат за унапредување на претприемништвото и развојот на занаетчиството. За да си го добие занаетчиството заслуженото место во општеството наша цел е водење конструктивен **Политички дијалог** со кој ќе се овозможи воспоставување на рамковни услови за развој и унапредување на малото стопанство и занаетчиство.
**ЗКРМ се грижи за:** Остварање на заеднички општествени, економски и социојални интереси на занаетчиите; Застапување на интересот на своите членови пред надлежните државните органи и институции при изготвување на законската регулатива; Доставува до надлежните органи на Р. Македонија предлози и мислења за одредени законски решенија од областа на занаетчиството;
Развој и унапредување на занаетчиството во рамките на слободното дејствување на пазарните законитости; Воведување единствен информационен систем за деловни и други информации потребни за развој на занаетчиството во Р. Македонија; Потикнување и развивање соработка зо исти или слични странски асоцијации, со посебно насоченост кон промоцијата на националното занаетчиството на саеми, изложби и слични манифестации во земјата и странство; Донесува програми за обука, преквалификација во центрите за обука; Усогласување на програмите за проверка на стручна оспособеност како и програмите за полагање на мајсторски испит; Ја пропишува формата и содржината на сертификатот за положен мајсторски испит; Решавање на спорови меѓу своите членови.





## Занаетчиската комора на Република Македонија (ЗКРМ) со седиште во Центарот на Градот Скопје

Од Јуни со финансиска подршка на германскиот партнер Занаетчиска комора Кобленц, Занаетчиската комора на Р.М. има ново седиште на ул. Маршал Тито 47/1-2 (поранешно "Громби") во центарот на градот. Свеченото отварање на канцеларијата беше во присуство на највисокото раководство на германската комора, претставници на Германската амбасада, Претставници на Парламентот на Р.М., Министерствата, Гости од Балканските земји, други меѓународни организации и занетчии.
На присутните им се обрати Заменик министерот за економија г-дин Методиј Хаџи-Васков кој во својот говор истакна дека претприемништвото во македонското стопанство ќе биде еден од главните приоритети на македонската Влада и во идниот период. Поради тоа, Владата на Република Македонија е определена да продолжи со своите мерки и активности во насока на поддршка и развој на МСП и тоа преку промоција и поттикнување на претприемништвото, олеснување на пристапот до финансии и зајакнување на институционалната инфраструктура за поддршка на микро, мали и средни претпријатија. Притоа, заменик министерот за економија упати честитки до организаторите на настанот со посебна благодарност до германската занаетчиска комора - Кобленц, за поддршката и подготвеноста да споделат добри искуства со Македонија. Посакувајќи им успешна и плодна работа, Хаџи-Васков истакна уверување дека овој проект ќе има и пошироко регионално значење, охрабрувајќи ги занаетчиите активно да се вклучат во економскиот живот на Република Македонија.

**Занаетчиска комора на Република Македонија**
Ул Маршал Тито бр.47/1-2, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел/факс: +389 (0) 2 3213 308
+389 (0) 2 3118 657
е-маил: contact@zkomora.com.mk; info@zkomora.mk
web: www.zkomora.mk

## Претседателот Ѓорѓе Иванов во посета на Регионален занаетчиски базар во Дојран



**Дојран, 29 ноември -** Повеќе од 20 индивидуални занаетчии од Скопје, Гевгелија, Богданци, Неготино, Струмица, Дојран, Берово и од Бугарија учествуваа на Занаетчискиот базар што го организираше Општина Дојран заедно со Занаетчиската Комора Кобленц која е во партнерство со Занаетчиската Комора на Р. Македонија.

Цел на проектот е посочување на важноста од зачувување на домашните занаетчиски производи, кои претставуваат важен сегмент од македонската традиција и култура.

Првата регионална занаетчиската средба на југот од Македонија ја отвори градоначалникот на општина Дојран, г-дин Глигор Чабулев, а за неговото значење за целиот регион зборуваа проект-менаџерот, г-ѓа Оливија Штерјова, и претседателот на Занаетчиската Комора на Р. Македонија, г-дин Глигор Цветков.

На регионалниот занаетчиски базар присуствуваше и Претседателот на Р. Македонија Ѓорѓе Иванов кој со неговото присуство ја назначи важноста на вакви базари на традиционални ракотворби и занаети.

Изложбените штандови беа сместени во салата на хотел „Истатов", а на нив доминираа ткаенини, плетени и везени производи, украсни предмети, резби, парчиња накит, изработки од дрво и бакар.

Манифестацијата имаше и продажен карактер.



## ПРАЗНИЧЕН БАЗАР НА РАКОТВОРБИ И ЗАНАЕТИ

Во периодот **од 04 до 06 декември 2009** околу 30 занаетчии од Скопје, Кавадарци, Куманово, Пробиштип, Битола и Виница учествуваа на празничниот базар за домашни и традиционални ракотворби во **Домот на Занаетчии** во старата скопска чаршија. Организатори на таа манифестација беа **Занаетчиска комора Скопје** заедно со нејзиниот партнер од Германија **Занаетчиската комора Кобленц**.

Во среда на 03 декември празничниот базар свечено се отвори со коктел на кое што присуствуваа г-ѓа Лилјана Поповска, Пратеник во собранието на Р.Македонија, претставници од градот Скопје и од други важни институции на Р.Македонија. Манифестацијата ја отвори г-ѓа Снежана Денковска, извршен директор на Занаетчиската комора Скопје, заедно со г-ѓа Оливија Штерјова, Проект менаџер на Занаетчиската комора Кобленц во Македонија. Свеченото отварање беше пратено од страна на телевизиската програма ТЕЛМА.

Со празничниот базар Занаетчиската комора Скопје заедно со нејзиниот партнер Занаетчиската комора Кобленц се обидуваат да ги промовират традиционалните и културните вредности на простириите на Р. Македонија изразени преку уметничкото и домашното ракотворење.

Изложбените штандови беа сместени во изложбениот салон на Домот на занаетчии, а на нив доминираа ткаенини, плетени и везени производи, украсни предмети, резби, парчиња накит, изработки од дрво и бакар. Многумина посетители уживеа во прекрасниот амбиент на празничниот базар.

Со доброто искуство и задоволство кое што го изразија сите учестници наредната година Занаетчиската комора Скопје заедно со партнерот од Германија Занаетчиската комора Кобленц планираат да се оджи повторно ваков базар.










Карлсруе Германија
21. до 23. април 2010
www.resale-germany.com

**Организирана посета на саемот за употребувана опрема во Карлсруе, Германија од 21 до 23 април 2010 година**

**16 -ти Саем за употребувани машини**

Повеќе од 1000 машини на лице место кои може да ги испробате и купите!
Ова е најголем светски саем на употребувана опрема на кој има повеќе од 500 излагачи од 28 земји како и приближно 10.000 посетители од целиот свет.
Ве молиме доколку сте заинтересирани да го посетите Самот во Карлсруе и да бидете дел од организираната посета на занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност од Македонија пријавете го својот интерес на следните контакти:

**Занаетчиска комора на Република Македонија** и **Занаетчиска комора Кобленц**
Ул. Маршал Тито 47/1-2; 1000 Скопје, Македонија
Тел. 02/3213-308; 311865
Email: contact@zkomora.com.mk

**Кај нас имате можност да добиете влезници за саемот со попуст!**
На саемот може да најдете машини од 23 бранши.

ЗКРМ
ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРВИТЕ МАЈСТОРИ ЗАНАЕТЧИИ**

Се повикуваат сите **ЗАНАЕТЧИИ** од територијата на **Р. Македонија** кои ги исполнуваат условите предвидени во Правилникот за прогласување на првите мајстори да се пријават за обука која ќе ја спроведе Занаетчиската комора на Р. Македонија преку своите Регионални заанетчиски комори во соработка со Занаетчиска комора Кобленц, СР Германија, да се здобијат со **ДИПЛОМА ЗА ПОЛОЖЕН МАЈСТОРСКИ ИСПИТ.**

Условите за учество на обука за прогласување на првите мајстори се:

- најмалку 35 години старост;
- најмалку 15 години самостојно работење;
- најмалку тригодишно или четири годишно средно стручно образование (со исклучок за стари и занаети во изумирање со основно образование).

Потребни документи за пријавување:

- Лична карта;
- Доказ за соодветно образование;
- Решение за Упис во занаетчиски или трговски регистар.

Обуката ќе ја спроведат овластени обучувавачи од областа на работна педагогија, економика и право.

Обуката ќе трае 6 дена (во два викенда: петок, сабота и недела) и ќе се спроведе во четири града во Македонија и чини 6.000,оо денари.

Заинтересираните **ЗАНАЕТЧИИ И ВРШИТЕЛИ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ** можат да се пријават за обука за прогласување на мајстори пополнувајќи Пријава .

**<u>За сите информации обратете се во:</u>**

**ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА НА Р.Македонија**

Маршал Тито, 47/1-2; 1000 Скопје;

Тел.: +389 (0)2 3 213 308;

e-mail: **contact@zkomora.com.mk**

или на телефонски контакти во **регионалните комори**:

**Скопје** - 02 / 3237 850; **Куманово** - 031 / 424 227; **Дебар** - 046 / 838 000; **Битола** - 047 / 232 880; **Охрид** - 046 / 260 202; **Струмица** - 034 / 323 913; **Гевгелија** - 034 / 212 930; **Виница** - 033 / 361 110; **Штип** - 032 / 522 602; **Велес** - 043 / 234 593; **Прилеп** - 048 / 414 519; **Ресен** - 047 / 452 550.




**HACCP системот од 01 Јануар стапува на сила**

Со законот за безбедност на храна и на производите и материјалните што доаѓаат во контакт со храната воведувањето на HASSP е законска обврска за сите оние кои се занимаваат со храна. Бидејќи барањата за операторите со храна се оптоварувачки и бараат екстра финансиски средства за занаетчии и вршители на занаетчиска дејност, членови на комората организираме две информативни предавања на оваа тема кои ќе се одржат на 22 и 29 Јануари 2010 година.

**Тема на предавањата е: Како да воведете HACCP на наједноставен начин?**

**Предавач е Александра Марковска која е интернационален акредитиран тутор предавач за HACCP обуки.**

За местото и времето на одржување на предавањата информирајте се на следните контакти:
**Маријана Јовановска**
**тел.:**
02/3213308;
**email:**
contact@zkomora.com.mk.

**FOOD CONSULTING**
**Имплементација на HACCP, HALAL, GLOBALGAP, ISO 9001, 22000, 14001**
**Подготовка на апликации за ИПАРД**

# ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА КОБЛЕНЦ



### Спроведени активности во соработка со Занаетчиската комора Кобленц и Балканската канцеларија за мало стопанство и занаетчиство

Занаетчиска комора Кобленц од 2008-та година спроведува партнерски проект за подршка на занаетчиството во Македонија. Има два партнери и тоа Занаетчиска комора на Република Македонија и Занаетчиска комора Скопје.

Проектот е финансиран од страна на Сојузното министерство за економска соработка и развој преку фондацијата SEQUA и ќе трае до крајот на 2011-та година .

Главна цел на партнерството е:
**"Занаетчиството во Македонија сè повеќе допринесува и влијае на економскиот и социјалниот развој на земјата"**.

Проектната цел се дефинира како:
**"Занаетчиите во Македонија профитираат од подобреното самоуправување во областите: Застапување на интересите; пружање на услуги и стручното образование"**

Ost-West GmbH
**Занаетчиска комора Кобленц**
ул. "Маршал Тито" бр. 47/1-2
1000 Скопје
Тел./факс: +389 (0)2 3213-308
Тел./факс: +389 (0)2 3118-657
email: olivija.tasic@zkomora.com.mk
www.zkomora.mk
www.hwk-koblenz.de
www.balkan-handwerk.org

### Економско политички разговор Декември 2009, Кобленц

Кобленц, 8-9 Декември 2009 г. се сретна раководството на организациите на занаетчиството, малото и средното стопанство од Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово, Хрватска, Р. Молдавија, Романија и Р. Македонија да заедно со своите германски колеги разговараат за најновите достигнувања и предизвици во занаетчиството, малото и средното стопанство. Во рамките на Партнерскиот проект кое е водено од страна на Балканската канцеларија за мало стопанство и занаетчиство и во кое членуваат земјите на Југоисточна европа, Македонија присуствуваше со претседателот на Занаетчиска комора на Р. Македонија, г-дин Глигор Цветков, и претставници од Регионалните занаетчиски комори Скопје, Куманово, Штип, Гевгелија и Ресен. На разговорот од Р. Македонија присуствуваше истовремено г-ѓа Лилјана Поповска, Пратеник во собранието на Р. Македонија. Посебна тема на разговор беше примената на европската политика за занаетчиството, малото и средното стопанство како и актуелната економска состојба.

Во свечени рамки, во свечената сала на општината во Кобленц се изнесоа тежишните точки на надворешните работи на покраината Рајнланд-Пфалц и се разгледуваа нови можности за соработка. На вториот ден продолжи конференцијата во модерно опремен Компетентен Центар за уредување, изработка и комуникација, каде што понудата на услуги од Занаетчиската комора Кобленц им даде на своите партнери инспирација за нови



идеи. На овој ден се разгледуваа теми од областа на стручно оспособување и услуги и за можностите кои се нудат во оваа област преку соработката за развој.

Од 2008г. Балканската канцеларија за мало стопанство и занаетчиство, кое е здружение составено од 32 организации на занаетчиството, малото и средното стопанство кои потекнуваат од земјите од Југоисточна Европа, го води проектот „Економска соработка помеѓу Рајнланд Пфалц и Југоисточна Европа". Како што кажува веќе и самиот назив на проектот, од германска страна се вклучени повеќе организации кои ја шират димензијата на оваа соработка.



## Жената претприемач

Во соработка со занаетчиската комора Кобленц и Балканската канцеларија за развој на малото стопанство и занаетчиство, жените претприемачки од област на занаетчиството основаа Балкански сојуз на жените во занаетчиството. Идејата се состои во тоа да се понуди целосно застапување на интересите на жените кои се ангажирани во занаетчиството, како и размена на искуства и организации преку основање и засилено делување на едно самостојно здружение.

Ова здружение е формирано на 03 февруари 2009 во Дурес Албанија и на својата конференција во април 2009 во Пловдив усвои и статут на здружението и донесе Политичка декларација.

Целта на ова здружение, долгорочно гледано е, жените да влијаат на политиката и стопанството во односните држави за создавање на оптимални рамковни услови за да бидат во можност жените во занаетчиството да дадат свој придонес за развој на нивните фирми, нивното опкружување и на нивните држави. Активностите опфаќаат три области: Водење на политички дијалог за подобро застапување на специфичните интереси и потреби на жените од занаетчиството; понуда на богата школска програма и програма за обука на жени и воспоставување и изградба на меѓународни контакти и можности за размена со други претставништва на жени со слични цели.

Во рамките на вака зацртаните цели, во Ахрвеилер, Германија од 05-06 октомври се одржа работна средба на овој Балкански сојуз на тема **"Претприемачка култура"**. Беа разгледани и аспекти на тимски развој, мотивација и стилови на управување; меѓукултурални аспекти на менаџмент, фактори за успешност и се посетија фирми на жени-претприемачки. На работната средба присуствуваа и претставнички од



Центарот за средна и стручна Европа; Германското здружение на претприемачки; Сојузното здружение на претприемачки во занаетчиството (од Германија); Министерството за економија, сообраќај, земјоделие и винарство на покраината Рајнланд-Пфалц, кои ги изнесоа и споделија нивните искуства и знаења стекнати со повеќегодишно активно делување во областа на малото стопанство и занаетчиство. Вакви и слични средби иницирани од големиот интерес на жените ќе продолжат и во иднина.

**Жените можат и умеат.**

# ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА КОБЛЕНЦ

## СТРУЧЕН СЕМИНАР ЗА КОЗМЕТИЧАРИ

Како дел на Пилот проектот за имплементација на Законот за стручно образование и обука на 12-13.09.2009 во Домот на занаетчии Скопје се одржа стручен семинар за козметичари кој го водеше **г-ѓа Јасмина Иванова** од Бугарија. Г-ѓа Иванова е Претседател на Занаетчиската комора Враца, како и Потпредседател на Занаетчиската комра на Република Бугарија.

На првиот семинарски ден учесници беа учениците - козметичари од Средното стручно училиште Димитар Влахов Скопје кои слушаа предавање за градба на кожата, анализа и оценка на кожата и современи козметички препарати.

На вториот семинарски ден се презентираа следните теми:

1. Масажа и линфна дренажа при венозни заболувања
2. масажа и лимфна дренажи при циркулаторни проблеми на лицето
3. Антистрес терапии
4. Улога на хормоните на разни типови кожа

На семинарот учествуваа козметичари од Скопје, Охрид, Штип и Куманово.

Актуелноста на темите предизвика големо внимание како и интерес за одржување на следен семинар кој би можел да биде во вид на модуларна обука.







### Размена на практиканти, ученици и млади претприемачи помеѓу партнерските држави и Германија

Претставници - стручни лица на партнерските организации од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Македонија, Молдавија, Србија, Романија, Косово, Црна Гора и Германија на 29.09.2009 во Кобленц ја одржаа втората работна средба на земјите од Југоисточна Европа, на тема "Размена на практиканти, ученици и млади претприемачи помеѓу партнерските држави и Германија". Темелот на оваа размена е поставен во Пловдив во април 2009. Целта на размената е да се надминат потешкотиите со кои се среќаваат младите во нашите земји а тоа се проблемите од областа на стручното образование, кои проблеми се изразуваат поради недостаток на практичната обука на учениците во реални работни услови, како и во потребата од постоење на потреба од попрецизна и модерна законска регулатива на стручната обука. Преку присутните претставници од центрите за обука, организациите и институциите, ќе се обезбеди создавање на функционален модел за соработка во подрачјето на практичната стручна обука. На работната средба беа дефинирани рамките на размената, поточно возраста на практикантите, година на образование, големина на групи, времетраење на праксата, калкулација на трошоци и потребната документација.

Понудата и побарувачката за размена на практиканти ќе се објавуваат во облик на берза на практиканти на интернет страниците на проектот Економска соработка помеѓу земјите на Југоисточна Европа и Рајнланд-Пфалц и на страницата на Балканската канцеларија за развој на мало стопанство и занаетчиство.

# РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА ДЕБАР

Oda Rajionale e Zejtarëve Dibër
Regionalna Zanaetciska Komora Debar

Регионална Занаетчиска Комора Дебар е формирена 2005 година, ги покрива општините: Дебар, Центар Жупа и Маврово и Ростуше. Седиште на комората е на ул 8ми Септември 6б во Дебар. Претседател на РЗК Дебар е г-дин Мецит Еребара – Мајстор Златар, Извршен Раководител г-дин. Фисник Сарачи.

РЗК Дебар ги нуди следните УСЛУГИ:

- Едношалтерски Систем за регистрација на Занаетчиската Дејност (Решение за Упис во регистар на Занаетчии, Даночен Број, Матичен Број, Жиро сметка, Печат, Пијава/Одјава М1/М2,М.Т.У.);
- Решение за Усогласување на Занаетчиската Дејност;
- Решение за Престанок, Промена, Времен Престанок;
- Одобрување за Вршители на Занаетчиски Дејности;
- Книговодствени и правни услуги;
- Договор за чираци;
- Информативни и советодавни услуги;
- Бизнис и инвестициони планови;
- Имплементација на НАССАП системот, ХАЛАЛ, ИСО стандартите и др.
- Подготовка на документација за ИПА фондови и ИПАРД програма;
- Еколошки Елаборати;

РЗК Дебар во Партнерство со "ЗК КОБЛЕНЦ" Р.Германија во 2008 и 2009 година одржаа прогласување на Првите Мајстори од Регионот на Дебар, Центар Жупа и Маврово и Ростуше. Истотака РЗК Дебар во соработка со Консултанската куќа "ФООД КОНСАЛТИНГ" од Скопје спроведува имплементација на ХАССАП системот за Занаетчиите и ТД од општините Дебар, Центар Жупа и Маврово и Ростуше.

На седница на УО на ЗКРМ од 02.12.2009 членот од РЗК Дебар г-дин Шкелќим Аголи е изберан на функција Потпреседател на ЗКРМ. Истотака г-дин Шкелќим Аголи учествуваше во посета на мајстори фризери од Македонија во Кобленц Р.Германија.

РЗК Дебар ги известува сите занаетчии и вршители на занаетчиска дејност дека можат да се пријавуваат во комората за полагање на мајсторски испит, како и ги исвестува сите ученици (чираци) дека можат да се пријавуваат во комората за полагање испит за стручна оспособеност.

Здружение на Граѓани Ринитолерните Дебар во Партнерство со РЗК Дебар во 2010 год ке почнаат со реализација на проектот "Занает инфо центар" финансирано и подржано од Владата на РМ.

РЗК Дебар место каде што традицијата продолжува!!







# РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА ШТИП



## ТРЕТ ПАТ ЗАНАЕТЧИСКА ВЕЧЕР ВО ШТИП

Регионалната занаетчиска комора Штип, по трет пат, традиционално организираше **Занаетчиска вечер** која се одржа на 27.12.2009 во "Мал Одмор". Поканети беа претставници од локалната самоуправа, занаетчии, врштели на занаетчиска дејност, партнери и пријатели на занаетчиството.Задоволство е да се наздрави во чест на занаетчиите и во името на нивниот развој.

032/522-602; e-mail: rzk_stip@yahoo.com



### Инсталација на софтверски програм

## Електронско водење на регистарот на занаетчии

Во рамките на проектот за соработка со Занаетчиската комора Кобленц, е изработена програма за регистрација на занаетчиите, која како услуга се нуди од страна на занаетчиските комори.

Во Штип во Хотелот Оаза на 28 и 29 ноември се одржа обука на лица од регионалните занаетчиски комори за поефикасно водење на регистарот. Се дискутираше за подобрување на програмата.

За прв пат беше изработена и верзија на албански јазик, т.е. албански со македонски и истата успешно е инсталирана.

Самиот настан беше пратен од локалната телевизија ИРИС.

Со помош на оваа обука се постави и темелник за подобрување на способностите и познавањата при работата со компјутерски програми. Целта на ваква обука е преку подобрување на компетенциите на вработените лица во Занаетчиските комори да се подобри и понудата на услуги која секоја комора им ја нуди на своите членови.





# РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА ГЕВГЕЛИЈА

РЗК Гевгелија е формирана во декември 2004. Ги опфаќа општините Гевгелија, Валандово, Дојран и Богданци.

Како здружение на занаетчии до 2004 вкупно беа регистрирани 87 занаетчии. Со формирање во РЗК Гевгелија, бројот се зголеми на 176 занаетчии од разни профили.

РЗК Гевгелија во моментот на занаетчиите им врши услуги при регистрирање на занаетчиска дејност, нуди правни совети, организира семинари според потребите на занаетчиите, информира за состојбата на занаетчиството преку интерни медиуми и ги застапува интерсите на занаетчиите пред државните институции.

Сето тоа што го нудиме денес не е доволно за да функционират занаетчиите беспрекорно, но сепак за во иднина комората ќе се потруди да обезбеди советувања и техничка помош од секаков вид. Ќе бараме да воспоставиме соработка со локалната самоуправа на сите четири општини за да можеме да добиеме материјална и морална подршка од истите.

Се надеваме дека во перспектива бројот на занаетчиите ќе порасне и занаетчиството ќе го добие правото место во стопанството.

Раководство на РЗК Гевгелија е г-дин Томислав Ристов, Претседател како и член на Упаравниот одбор на ЗКРМ е г-ѓа Марија Гацова.

Г-ѓа Марија Гацова во декември 2009 учествуваше како член на Управниот одбор на Занаетчиската комора на Р.М. на Политичката конференција во Кобленц , Германија. Г-ѓа Гацова имаше можност да ја посети Занаетчиската комора Кобленц, да дискутира за можностите и перспективите на занаетчиството и малото стопанство во рамки на соработка на регионално, балканско и европско ниво.

## Обврска на занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност

Врз основа на законот за безбедност и здравје при работата, службен весник на РМ 92/07, занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност (ТП и ТД) имаат обврска да направат: **систематски преглед за себеси и за своите вработени и обука на еден вработен до 20 вработени.**

За подетални информации обратете се до Вашата регионална занаетчиска комора на која сте и член.




# РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА КУМАНОВО

## ВО КУМАНОВО ПОДНЕСЕНИ 185 БАРАЊА ЗА ПАУШАЛНО ОДАНОЧУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИИ

Врз база на член 31 од Законот за персонален данок од доход (Сл. Весник на РМ бр. 80/93Щ.160/07) обврзникот кој од определени околности не е во состојба да ги води деловните книги или нивното водење значително му го отежнува вршењето на дејноста, има право да поднесе барање данокот да го плаќа според паушално утврдениот приход. За паушално плаќање на утврдениот приход одлучува Управта за Јавни приходи, а секој самостоен занаетчија има обврска да достави барање до надлежниот орган, односно институција (УЈП) најдоцна до 31 декември во годината. За користење на оваа законско олеснување од даночната политика е потребно утврдување на условите на деловниот простор, опременоста на деловната просторија, бројот на вработените работници и членовите на семејството кои се ангажирани во работата , пазарните услови во кои се врши дејноста, староста и способноста на обврзникот, големина на нето приходот на обврзник кој под исти или слични услови врши иста или слична дејност, и други услови кои влијаат на остварувањето на добивката. Обврската за поднесување на барање за паушално плаќање, според едношалтерско работење како обврска во овој случај им припаѓа на регионалните Занаетчиски Комори. РЗК - Куманово на 29 декември има поднесено вкупно 185 такви Барања преку УЈП Куманово до УЈП во Штип.

Досегашната пракса за определување на паушалните занаетчии е извршена кабинетски, без излегување на терен па оттука и малиот број на кумановски занаетчии со паушално оданочување во годината што изминува (2009) е минимален. Не би било добро да се продолжи со една лоша пракса, бидејќи ако има грев, надлежните лица и органи се НАЈГОЛЕМИ ГРЕШНИЦИ И ВИНОВНИЦИ.

RZK - Kumanovo ul. "Goce Delcev" br. 71/3 - Garnizon
ZANAET - ZEJA
ORZ - Kumanovë rru. "Goce Delcev" nr. 71/3 - Garnizon
tel/fax: ++389 (0) 31424 227 e-mail: natyra_likove@yahoo.com

## РЗК КУМАНОВО

(Не) законска денационализација

## ДОМОТ НА ЗАНАЕТЧИИТЕ – ПРЕПИШАНА СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

Во РМ развојот на претприемништвото, односно малото и средното стопанство во кое се вбројува и вршењето на занаетчиска дејност, во последниве две години не само што стагнира, туку забележува и рапидно намалување на бројот на субјектите кои вршат одредена дејност и тоа во текот на целата 2009г. Светската економска криза која не ги заобиколи балканските земји, а тоа значи ни Македонија, на мошне транспарентен начин ги затегна развојните вентили, на и онака болното стопанство. За тоа придонесе законодавната власт која на брзина донесе неколку закони со цел да ги исполни диктираните стандарди од Европската Унија со цел за поскорешно добивање на датум за преговори и започнување на процесот за прием во големата Фамилија - ЕУ. Тука посебно ќе го потенцирам донесениот "Закон за бруто/нето плата", кој е најголема барикада на развојот на целокупното стопанство, а посебна пречка за развојот на занаетчиството во РМ. Не помалку гревови во однос на економскиот развој во државата, имаат даночната и кредитната политика; банкарскиот систем; нереализираната договорена субвенциска политика; немањето доволен пазар и друго.

И покрај вложените максимални напори на РЗК Куманово, која ги опфаќа општините: Крива Паланка; Кратово; Ранковце; Старо Нагоричане; Куманово и Липково, помогната од Занаетчиска Комора Кобленц од Германија, бројот на занаетчии во текот на годинава, бележи рапидно намалување. Од вкупно 213 запишани или усогласени занаетчии во Комората, бројката се намали за 38 занаетчии кои бараа престанок на вршење на занаетчиската дејност. При поднесување барање за престанок на вршење на дејноста како причини се наведуваат незаконското оданочување и фискализација на занаетчиите од Управата за јавни приходи со Центар во Штип; максимално изречените инспекциски казни за ситни недостатоци токму за уредно запишаните вршители на занаетчиска дејност; нелојалната конкуренција и неоткривање на непријавените вршители на занаетчиска дејност и друго.

Преку едношалтерскиот систем на работење, РЗК Куманово на своите членови во текот на изминатава 2009 на мошне квалитететен начин им ги пружа најпотребните услуги, за кои посебен придонес дадоа сегментите од системот на надлежните државни институции во Македонија. Посебна заслуга има Централниот Регистар - подрачна единица Куманово, посебно со навременото подготвување на потребната документацијата за занаетчиите, светкавично донесување на решенијата за упис на занаетчиската дејност, навремено информирање на занаетчиите за беспрекорно функционирање на нивните самостојни занаетчиски дуќани и сл. Тука особено може да се стави акцент на еден важен аспект - САМОВРАБОТУВАЊЕ како составен сегмент од развојот на малото стопанство и занаетчиството, а напоредно со него и ВРАБОТУВАЊЕТО. Всушност, кај секој занаетчија или менаџер понекогаш се јавува идејата да стане претприемач, со што ќе дојдат до целосен израз неговата внатрешна енергија и способности; умешноста и креативноста на неговиот дух.

РЗК Куманово, која годинава е примена и во Балканската канцеларија за развој на малото стопанство и занаетчиство со седиште во Софија има прогласено осум мајстори како професионални занаетчии, донесени се сите програми и други предвидени норми за квалификации и преквалификации на занаетчиите, подготвува специјализиран кадар за користење на соларен систем за греење, во тек е формирање на занаетчиски секции и успешно учество на неколку национални, балкански и меѓународни манифестации преку кои се овозможува претставувања на занаетчиите од овој дел на РМ и афирмација на македонското занаетчиство воопшто. Не би било чесно и искрено доколку не спомeнеме дека РЗК Куманово и покрај неколкуте организирани средби со градоначалникот на Куманово, сеуште не воспоставила неопходна и вистинска соработка и партнерство. Посебна приказна е неправилна и незаконски извршената **денационализација на Домот на занаетчиите во центар на Куманово**. Како дело **и сопственост на занаетчиите тоа е препишано како сопственост на општината (Локалната самоуправа).** Неофицијално сме информирани дека градскиот татко има и свој сопствен купен дуќан. Овие, и други проблеми кои стојат отворени како прашања, во иднина ќе биде разгледувано во некоја електронска или пишувана средба на РЗК Куманово со медиумите, со цел за создавање на добри услови за развој на занаетчиството во РМ.










# РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА БИТОЛА



Традицијата продолжува

## "ЗАНАЕТЧИЈА" - ОГЛЕДАЛО НА ЗАНАЕТЧИИТЕ

Регионалната комора на занаетчиите од Битола е цврсто решена да се избори за подобрување на положбата на занаетчиите и занаетчиството. Како резултат на ваквите стремежи, договорено е и продолжување на издавањето на весникот "ЗАНАЕТЧИЈА". "Занаетчија", кој беше востановен со одлука на Постојаната конференција на самостојните занаетчии од Битола, започна да излегува во јуни 1976 година. Податоците зборуваат дека Весник излегуваше секој месец се до март 1991 година. Според податоците објавени во бројот 125 во таа година биле регистрирани 1.645 занаетчии. Денес, бројот на занаетчиите е многу помал што не значи дека нема да се создадат услови за негово зголемување. Всушност, кон тоа се стреми и Комора на занетчиите, а и локалната самоуправа. Впрочем, степенот на развојот на занаетчиството зборува и за нивото на развојот на вкупната економија како во Општината така и во Републиката. Продолжувањето на излегувањето на весникот "Занаетчија" е мотивирано од потребата за сестрано информирање на занаетчиите за сите прашања од нивен интерес и за информирање на локалните и државните институции за проблемите на занаетчиството и занаетчиите. Всушност, "Занаетчија" има цел да биде огледало на интересите на сите субјекти од оваа сфера, нивно презентирање пред поширокатa јавност. Зошто, занаетчиите секогаш имале и имаат што да и презентираат на јавноста. Токму затоа, Редакцијата ги повикува на соработка сите занаетчии, како од Битола, така и од Регионот. Традицијата продолжува, секако, во заеднички интерес.

### Занаетчиството во Општината Битола

***Општествено-економската преобразба се одрази на положбата на занаетчиството во повеќе насоки**
***Локации има многу, заинтересирани има малку ВО ПРОЦЕПОТ НА ТРАНЗИЦИЈАТА**

Бројот на занаетчиските дуќани и миминално и реално е намален. Очигледно, општествено - економската преобразба битно се одрази врз занаетчиските дејности. Едни занаети исчезнаа како резултат на општествено - економскиот развој, односно, како резултат на техничкотехнолошките промени, а другите поради промената на реалните потреби на граѓаните. По распаѓањето на социјалистичкиот општествено-политички и економски систем кој се совпаѓа и со осамостојувањето на Р. Македонија, **Занаетчиството - жртва на транзицијата** но започна долг, речиси бесконечен процес на таканаречената транзиција, т.е. преод од еден во друг систем. Големите претпријатија, чест на исклучоците, свесно, но ирационално, беа уништени во име на "приватизацијата" која ден денес не е довршена. Огромен број работници останаа без работа, без плати, присилени на безделничење и живуркање. Со нивното исфрлање на улица не се намалија ни обемот ниту нивните потреби: се сведоа на минимум условите за нивно задоволување. Малото стопанство кое беше нудено како алтернативен модел на економскиот развој не ги даде очекувањата на планерите, меѓу другото, и поради тоа што го немаше "големо" стопанство.

Што го очекуваше во вакви услови занаетчиството?

**Прилагодување на новонастанатите Услови**

На занаетчиите чиј број беше во постојано намалување беа присилени да се прилагодуваат на новонастанатите услови или да ги затворат кепенците. Старата Чаршија започна да го менува изгледот: многу занаетчиски дуќани се претворија во трговски дуќани, а одделни занаети престанаа да постојат.

### Активности на Регионалната занаетчиска комора на Битола

Регионалната занаетчиска комора во Битола регистрирана е во 2004 година согласно законот за вршење на занаетчиска дејност. Комората делува на подрачјето на регионот на општина Битола и Демир Хисар. Од основањето до 2009 год. регистрирани се 314 занаетчии со различна занаетчиска дејност од кои повеќето се фризери, автомеханичари, автоперални, лимари, дограмаџии, лимари, свеќари, златари, чевлари, шапкари, бравари, шивачи, бојаџии, стаклари зидари, пластичари, ѕвончари, електричари, каменорезачи, пекари, забавни игри, велосипедџии, фотографи, сладоледџии, ташнари, метлари и друго. Основна задача на комората е да ги заштитува и унапредува професионалноста и законитоста во вршењето на дејноста. Покрај овие Комората постои и заради континуиран развој и унапредување на занаетчиството, подигање на квалитетот на услугите кон занаетчиите и задоволување на нивните основни административни, финансиско-економски и правни услуги, промовирање на занаетчиството и зачувување на старите занаети и ставање во функција за туристички цели на градот, преку зачувување на традициите. Со други зборови може да се каже дека Комората ги дава следните услуги : информира, советува, ги штити правата и обврските, едуцира, покренува прашања, дава иницијативи, креира и промовира политики и проекти за развој и промоција на занаетчиството. Како поголеми активности во 2009 година комората може да ги истакне следните: Врз основа на Првилникот за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит од Министерството за образование и наука и Правилникот на РЗК Битола, испитниот одбор за полагање на мајсторски испити ги прогласи првите 45 мајстори на занаетчиите во Битола. Сите заинтересирани занаетчии имаа можност доколку ги исполнат условите и критериумите за полагање за стекнување со мајсторска диплома да учествуваат на овие испити два пати годишно, организирани од страна на Комората. Овие занаетчии ја имаат и таа привилегија да бидат првите Мајстори за практична обука на ученици. Ваква мајсторска диплома се доделува во автентична форма како што била пред 60 години. Исто така оваа година се воведе нов начин на пресметка за плаќање на придонесите на занаетчиите. Со овој начин беа зголемени придонесите кои ги плаќаа занаетчиите односно ПИО и Здравство со што предизвика реакција кај голем број на занаетчии. Заради овие причини Комората превзеде неколку активности и мерки за намалување на придонесите на разумно ниво согласно со реалните приходи кои ги остваруваат занаетчиите во државата. После овие активности комората успеа да ги усогласи барањата на државата и очекувањата на занаетчиите. Во соработка со ЗКРМ, РЗК Битола и проектот Кобленц, занаетчиите учествуваа на наеколку семинари за фризери козметичари, пекари, куменџии, електричари, домашни ракотворби и др. Некои од нив добија и сертификати. Направена беше и обука на администацијата на комората за спроведување на новата програма за регистрација на занаетчиите. Комората направи план на активности за решавање на проблеми ставени на дневен ред на Советот на Општина Битола за 2010 година. До Општината, Комората испрати листа на дефицитарни и стари занаети во изумирање кои треба да бидат ослободени од даноци и придонеси. Во соработка со УНДП и Заводот за вработување на Битола направивме пријавување на занаетчии од дефицитарните дејности со што беа ослободени од персоналниот данок. Регионалната занаетчиска комора има подготвено и проекти за промоција и едукација на занаетчиите и бара донатор за реализација на истите.



# ПЛАНИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА 2010-та година





На 25 јануари во Штип и 26 јануари во Скопје оваа година, одговорните на Партнерскиот проект на Занаетчиската комора Кобленц ќе организираат планирачка работилница во рамки на процесот за планирање на проектните активности за 2010-та година.

Координирањето на активностите ќе се одржи со раководството на двата партнери Занаетчиска комора на Р.Македонија и Занаетчиска комора Скопје.

Приоритети на Партнерскиот проект и оваа година се јакнење на капацитетот на занаетчиските комори, промиција и афирмација на занаетчиството, имплементација на Законот за стручно образование и обука. Врз основа на разговорите и дискусијата со партнерите ќе се изготви годишна програма која ќе биде објавен на нашата веб страна.



По здобивање на Диплома за средно образование со стекнатите вештини и знаења, директно вклучување во процесот на работа!

## Пилот проект за спроведување на практична обука на ученици кај мајстори занаетчии

Средното стручно образование и квалификација секогаш биле едни од тежишните точки во партнерскиот проект на Занаетчиската комора Кобленц и Занаетчиските комори во РМ поддржан од германското Сојузно министерство за стопанска соработка и развој. Станува збор за проект кој веќе од 2000 г. го поттикнува и подржува македонското занаетчиство во неговите напори кон создавање поволни рамковни услови за занаетчиството и во формирање на јак занаетчиски коморски систем во РМ.

Обука и проверка на стручна оспособеност за занаетчиски занимања, обука и полагање на мајсторски испит, како и учество на мајсторите во завршните испити во однос на практичниот дел во средните стручни училишта, се јавни овластувања кои на Занаетчиските комори им се пренесени врз основа на Законот за вршење на занаетчиска дејност на РМ донесен во септември 2004 г.

Со цел да можат младите директно да се вклучат во процесот на работа од различни области т.е. гранки на стопанисувањето истите треба да се оспособат како квалификувани кадри, со претходно стекнати компетенции и вештини а не истите да ги стекнуваат дури по нивното вработување кој што е и проблем засебе. Работодавачите се соочуваат со една реалност во која на таквите недоволно компетентни и недоволно стручно оспособени вработени млади луѓе кај себе да им исплаќаат плата, придонеси и даноци за вршење на занимањето а притоа и да се принудени да ги обучуваат за да ги стекнат неопходните вештини и компетенции за обавување на работните задачи. Искуствата на повеќе земји во светот посебно во Германија покажало дека овој проблем може да се надмине само преку едно современо и практично ориентирано стручно образование, што всушност е и едно уверување врз основа на кое се темелат и одредбите на Законот за стручно образование и обука на РМ донесен во јуни 2006 г. Желба за придонес кон имплементација на Законот за средно стручно образование и обука на РМ изразија Министерството за образование и обука на РМ, Центарот за стручно образование и обука на РМ, "Ost-West GmbH Koblenz"- проектна канцеларија на Занаетчиската комора Кобленц во Скопје, Занаетчиската комора Скопје, Средно стручно училиште на Град Скопје "Димитар Влахов" за занимањата фризер и козметичар, Регионалната занаетчиска комора Куманово и општинското средно техничко училиште "Наце Буѓони" за електротехничка струка. За брзо и успешно остварување на нивната желба тие како партнери во јуни 2009 потпишаа "Меморандум за спроведување на пилот проект во врска со имплементацијата на Законот за средно стручно образование и обука на РМ" за учебната 2009/2010 г. Во хотел Континентал на 05 ноември 2009 г. се одржа свеченото отпочнување на Пилот проектот за спроведување на практична обука на ученици кај мајстори занаетчии. Со овој проект фининсиран во рамки на Партнерскиот проект на Занаетчиската комора Кобленц раководи проектен тим составен од претставници на сите партнери и има задача да ги утврди задачите на Занаетчиските комори кои ги изготвуваат тространите договори за практична обука помеѓу работодавач, ученик (за нив потпишува родителот) и училиштето, го следи нивното потпишување и ги запишуваат во Регистарот на ученици за практична обука, како и да го следи целиот процес на практичната обука на учениците во занаетчиските работилници за стекнување на потребните компетенции и вештини за нивно директно вклучување во работниот процес. Во проектниот тим се вклучени и по еден претставник од Министерството за економија и од Министерството за труд, Град Скопје како и на Занаетчиската комора на Република Македонија со оглед на големото значение на овој проект за целокупното македонско стопанство. Како раководител на проектниот тим, на предлог на занаетчиската комора Кобленц, се назначува стручно лице од Германија имајќи го предвид богатото искуство на германската страна во областа на дуалното образование, кон кое се тежнее и во македонскиот Закон за средно стручно образование и обука. Во рамките на проектот се поставува задачата да се провери кадровската и техничката спремност за имплементација на Законот за средно стручно образование и обука, како и колку се спремни занаетчиските мајстори да примаат ученици на практична обука. По завршувањето на пилот проектот се прави анализа колку ученици кои практичната обука ја обавувале кај мајстори се стекнале со вештини и умеење во однос на оние ученици кои таквата обука ја обавуваа во училишните центри. Препораките ќе се достават до Министерството за образование и Центарот за стручно образование и обука со цел да се реформираат наставните програми за тригодишното образование за потребите на занаетчиството и стопанството во РМ во кое ќе биде предвидено практична обука во обем од 50% од целокупната настава и која ќе се спроведува кај занаетчиите и други стопанственици кои го положиле мајсторскиот испит, за на тој начин да се обезбедат млади компетентни кадри кои без потешкотии веднаш по добивање на диплома за завршено соодветно стручно образование ќе можат да бидат вклучени во производниот процес.



| Датум | ЛИСТА НА САЕМИ ЗА 2010 ГОДИНА | Место на одржување |
|---|---|---|
| 30.01.-01.02.2010 | Beautyworld - Меѓународен саем во Франкфурт - Меѓународен саем за трговија наменет за парфимерија, дрогерија, козметика и фризери | Франкфурт на Мајна (Германија) |
| 31.01.-03.02.2010 | ProSweets Cologne - Меѓународен саем на добавувачи на слатки | Келн (Германија) |
| 06.02.-10.02.2010 | INTERGASTRA –Меѓународен саем за хотелиерство, гастрономија кетеринг, кондиторски услуги и кафетерии | Штутгарт (Германија) |
| 12.02.-16.02.2010 | Ambiente- Меѓународен саем во Франкфурт | Франкфурт на Мајна (Германија) |
| 19.02.-22.02.2010 | inhorgenta europe - Меѓународен саем за часовници, накит, скапоцени камења, бисери и технологија | Минхен (Германија) |
| 03.03.-09.03.2010 | Меѓународен саем за занаетчии | Минхен (Германија) |
| 12.03.-17.03.2010 | INTERNORGA - Меѓународен саем за хотелиерство, гастрономија, кетеринг, пекарство и кондиторски услуги | Хамбург (Германија) |
| 24.03.-27.03.2010 | fensterbau/frontale + HOLZ-HANDWERK –Меѓународен саем за прозорци, врати и фасада и европски саем за машинска технологија и побарувачка на производство | Нирнберг (Германија) |
| 26.03.-28.03.2010 | BEAUTY INTERNATIONAL DÜSSELDORF - Најдобриот саем за професионалци во козметика, маникир и педикир | Дизелдорф (Германија) |
| 27.03.-29.03.2010 | TOP HAIR INTERNATIONAL - Саем за трендови и мода - Шоу - конгрес за меѓународната бранша на фризери | Дизелдорф (Германија) |
| 10.04.-18.04.2010 | AMI - AUTO MOBIL INTERNATIONAL со AMITEC - Саем за автомобилски делови, сервиси и услуги; АМИКОМ - Саем за забавна, комуникациска и навигацион технологија во возилата | Лајпциг (Германија) |
| 14.04.-17.04.2010 | IFH/INTHERM - Саем за санитарии, греење, клима, обновливи енергии | Нирнберг (Германија) |
| 19.04.-25.04.2010 | bauma - Меѓународен саем за машини за градежништво, за машини за производство на градежни материјали, за машини за рударство, за машини за градежни возила и градежна опрема | Минхен (Германија) |
| 21.04.-23.04.2010 | RESALE - Светски водечки саем за половни машини и додатоци | Карлсруе (Германија) |

## Р.Македонија има сончев потенцијал со преку 260 сончеви денови преку годината

Крајно време е Македонија да се вклучи во светскиот тренд кој оди во нагорна линија на развој, тренд во кој акцентот е ставен на животната средина, поконкретно искористување на обновливите енергии. Македонија токму на ова поле кое е мошне корисно за занаетчиството, малите и средните претпријатија станува се поактивна благодарение на Преоктот за економска соработка помеѓу покраината Рајнланд-Пфалц од Германија и земјите на Југоисточна Европа и сето со континуирана соработка со Балканската канцеларија за мало стопанство и занаетчиство.Во рамките на овој проект предвидена е обука со цел да се создаде почетен кадар за инсталација, кој понатаму ќе обучува и други лица. Овој кадар покрај монтажата ќе биде задолжен и за контрола и одржување на ваквите соларни ситеми. Обуката се состои од два теоретски модула во времетраење од 5 дена и еден практичен кој ќе се изведе во Германија во Февруари 2010г.Првиот теоретски модул воден од германски експерт во Македонија веќе се изведе од 16.-20.11.2009г на тема основи на електротехниката и Фотоволтаик. Изборот на учесници е направен од страна на Занаетчиската комора на Р. Македонија, Занаетчиската комора на Скопје и регионалните занаетчиски комори на Штип и Куманово, сите членки на Балканската канцеларија за развој на малото стопанство и занаетчиство. Вториот теоретски модул на тема основи на топлотна техника и соларна термија е предвиден на 25.-29.јануари 2010г. во Македонија.Обуката ќе се заокружи со практичен модул т.е. обука кој ќе се изведе во Германија од 08.-12.февруари.2010 г.По изведбата на првиот модул се забележа гордоста на учесниците што ќе бидат првите квалификувани кадри во земјава од овој тип. Сите се согласни дека професори и инжењери од оваа област има многу, но кога станува збор за практично изведување на работите, т.е. монтажата на овие постројки на кровови, тогаш нема никој.Учесниците по успешното завршување на сите модули од обуката се здобиваат со Сертификат за инсталација на соларна енергија.Оваа обука која е финансирана од германската влада е само дел од проектот за економска соработка помеѓу СОЕ и Рајнланд-Пфалц и доколку има интерес и во иднина можат да се спроведуваат и други вакви обуки за биомаса и геотермија и на тој начин и Македонија го фаќа чекорот со трендовите во светот.






NET-BAJ DOO, +38923216422, faks: +38923216469
ul. Dame Gruev 2, 1000 Skopje, R. Makedonija

e-mail: info@net-bay.com.mk
www.net-bay.com.mk

ЕЛЕКТРОЛУКС professional
Electrolux



- Proizvodstvo na električni greači
- Guma i gumeni proizvodi
- Oprema za domaćinstvo, hoteli, restorani...
- Rezervni delovi
- Servis za bela tehnika i profesionalna oprema vo hoteli i restorani.

Electrolux
HACCP

Info centar:
Skopje - R. Makedonija
++389(0)2 329 8 130
electroluxskopje@t-home.mk

www.electrolux.com.mk
www.elektroluks.com.mk
MADE in MACEDONIA

Info centar:
Bitola - R. Makedonija
++389(0)47 203 330
electroluxbitola@t-home.mk

MAKOHEMIK dooel uvoz-izvoz
TRGOVIJA SO PRIBOR, BOI I LAKOVI
Prvomajska bb-Pintija, 1000 Skopje, Makedonija
e-mail: makohemik@yahoo.com

ADMINISTRATIVNO-DELOVEN OBJEKT-PINTIJA
☎ +389(0)2 2728 791; +389(0)2 2728 790; tel./fax +389(0)2 2728 789

PORTA VLAE ☎ 02/2043 320
PRODAVNICA
DRACEVO ☎ 02/2795 121
KISELA VODA ☎ 02/3213 314; 02/3136 236







FOOD CONSULTING
Имплементација на HACCP, HALAL, GLOBALGAP, ISO 9001, 22000, 14001
Подготовка на апликации за ИПАРД

"ПОЗИТИВА"
економско правно биро

- книговодствени услуги
- регулирање на стаж
- работни односи
- пензиски права
- пренос на имот

Ристовски Ване

тел.: +389 (0)2 31 33 144
факс: +389 (0)2 31 13 677



РЕГИОНАЛНА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА
ШТИП